Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 ,64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица (“Службен гласник на Општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е

за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ – ВОН Г.Р ,Општина Струмица

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ – ВОН Г.Р ,Општина Струмица, со површина од 11038,44м2 во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште,

- Лилјана Ивановска - претставник на изготвувачот на планот,

- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 04.05.2023 година до 17.05.2023 година, а јавната презентација на ден 05.05.2023 година во 12:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул. „Ленинова“ бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр.09-3479/3 | Општина Струмица

27.04.2023 год. | Градоначалник

С т р у м и ц а | Костадин Костадинов